Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

БР. 13-5913/7
ОД 27.10.2022 ГОД.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 став 9, а во врска со член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по преглог за
Локална урбанистичка планска документација
со намена А1 – домување во станбени куќи на
КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје,
м.в. Мијанчовец,
Општина Кисела Вода - Скопје

Планскиот опфат се наоѓа на м.в. Мијанчовец, КО Усје, Општина Кисела Вода – Скопје и ги опфаќа катастарските парцели КП554, КП555 и дел од КП1361, КО Усје, Општина Кисела Вода - Скопје.

Границата на плански опфата на Локална урбанистичка планска документација со намена А1 – домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец, Општина Кисела Вода – Скопје се движи:

- на северо - запад по границата на КП 554 КО Усје,
- на северо - исток по границата на КП 554 КО Усје, поминува низ КП 1361 КО Усје и продолжува по границата на КП 555 КО Усје,
- на југо - исток по границата на КП 555 КО Усје и
- на југо – запад поминува низ КП 1361 КО Усје и продолжува по границата на КП 554 КО Усје.

Опфатот е со површина од 6,00 ha.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Јавната анкета по предлог за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 – домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со изложување на предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода – Голема Сала (барака 7) и на www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 5 (пет) работни дена, почнувајќи најмалку три работни дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог за Локална урбанистичка планска документација со намена А1 – домување во станбени куќи на КП 554, КП 555 и дел од КП 1361 КО Усје, м.в. Мијанчовец, Општина Кисела Вода - Скопје, во информацискиот систем е-урбанизам, како и во две јавни гласила.

**Јавната анкета** ќе се одржи од **03.11.2022** година до **09.11.2022** година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со урбанистичко – планската документација можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), секој работен ден од 08:00 – 20:00 часот, како и преку информацискиот систем е-урбанизам.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на урбанистичко – планската документација ќе се одржи на **03.11.2022 година (четврток) во 09:30 часот,** во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски